Финансирано од Европска Унија

SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 16ТА СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 3

## ПРАВОСУДСТВО И ОСНОВНИ ПРАВА

## - ПОГЛАВЈЕ 23 -

## "ФРАНЦУСКИ ПРИДОНЕС ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА"




**"ПАТЕКИ ДО ИНТЕГРИТЕТ И НЕЗАВИСНОСТ НА ПРАВОСУДСТВОТО:**

КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК ВО РЕФОРМИТЕ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА"

На 3 февруари 2025 година, Европското движење во Република Северна Македонија, во рамки на проектот „Национална конвенција за ЕУ во Северна Македонија" и во партнерство со Француската амбасада, ја одржа 16. сесија на Работната група 3 – Правосудство и темелни права (Поглавје 23). Сесијата беше насловена: „Францускиот придонес кон владеењето на правото во Република Северна Македонија – Патеки до интегритет и независност на правосудството: клучен предизвик во реформите за владеење на правото и борбата против корупцијата".



На сесијата учествуваа над 50 релевантни чинители од правосудниот сектор на национално ниво – претставници на институции, граѓански организации, судии, обвинители, адвокати и други заинтересирани страни. Француските експерти споделија искуства и препораки за зајакнување на интегритетот во правосудниот систем и поддршка на реформските процеси.

Работната група 3 – Правосудство и темелни права е една од шесте активни работни групи на Националната конвенција за Европската унија во Северна Македонија. Таа претставува платформа за дијалог иницирана од граѓанското општество, која ги обединува засегнатите страни со цел унапредување на нивната мотивација и активен придонес во пристапниот процес кон ЕУ и спроведувањето на јавните политики. Групата функционира како динамичен и отворен простор за учење, размена на идеи и ставови, како и конструктивен дијалог за клучни

Првиот панел беше официјален и вклучи пригодни обраќања од Н.Е. Кристоф Ле Риголер, амбасадор на Франција, и Андреј Лепавцов, директор на Дирекцијата за европска интеграција при Министерството за надворешни работи.

Сесијата ја модерираше професорката Милева Ѓуровска, национален координатор на НКЕУ-МК, која на почетокот ги поздрави сите учесници на 16та сесија на оваа Работна група. Таа упати посебна благодарност до Француската амбасада за поддршката на оваа иницијатива за францускиот придонес кон владеењето на правото во Република Северна Македонија, како и до двајцата француски експерти кои ја прифатија поканата за учество.

**Милева ЃУРОВСКА**

**национален координатор на НКЕУ-МК, професор, Филозофски факултет, Скопје**



Во своето воведно обраќање, таа нагласи дека Владата во моментов покажува силна посветеност на реформите во правосудниот систем и дека се очекува оваа посветеност да резултира со конкретни придобивки во враќањето на довербата на граѓаните во правосудството – која, според истражувањата на јавното мислење, и понатаму е на многу ниско ниво. Таа изрази надеж дека овие иницијативи нема да останат на декларативно ниво, како што тоа било често во досегашните практики.

Во своето обраќање, Андреј Лепавцов, директор на Дирекцијата за Европската унија при Министерството за надворешни работи, даде опсежен преглед на патот на Република Северна Македонија кон членство во ЕУ. Според Лепавцов, европската интеграција останува врвен стратешки приоритет на државата, при што владеењето на правото претставува клучен столб на пристапниот процес. За остварување на оваа стратешка цел, неопходен е континуиран напредок во судските реформи, борбата против корупцијата и слободата на медиумите.

Лепавцов ја поздрави вклученоста на Северна Македонија во годишната оценка на владеењето на правото на ЕУ, заедно со Србија, Црна Гора и Албанија, оценка која досега се применуваше исклучиво за земјите-членки. Овој процес ја нагласува важноста на „алатките за владеење на правото" на ЕУ како суштински механизам не само за следење на состојбите во рамки на Унијата, туку и за поддршка на земјите-кандидатки во хармонизацијата на нивните институции со европските принципи и стандарди. Иницијативата, предводена од Франција, претставува значаен чекор напред во пристапниот процес, бидејќи ги приближува државите-кандидатки до практиките и системските решенија што веќе важат во ЕУ.

Тој ја истакна и економската димензија на европската интеграција, посочувајќи дека Реформската агенда ја поврзува финансиската помош од ЕУ со конкретен напредок во владеењето на правото, како и со социо-економскиот развој. Согласно Планот за раст на ЕУ, Северна Македонија е предвидено да добие 750,4 милиони евра во периодот 2024–2027 година, при што исплатата ќе биде условена со спроведување реформи во правосудната транспарентност и ефикасноста на јавната администрација. Овие средства не се гледаат само како финансиска помош, туку како стратешка, долгорочна инвестиција во стабилноста на земјата и нејзиното усогласување со стандардите на ЕУ.

**Андреј**
**ЛЕПАВЦОВ**

амбасадор и директор на Директоратот за Европска Унија, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија




Лепавцов го посочи проектот за дигитализација на судството како добар пример за тоа како поддршката од ЕУ се користи за унапредување на институционалната ефикасност. Ваквите иницијативи, според него, придонесуваат за постепено зајакнување на владеењето на правото и зголемување на транспарентноста во правосудниот систем.

Во своето обраќање, Н.Е. Кристоф Де Риголер, амбасадор на Франција во Република Северна Македонија, ја потврди суштинската важност на независното судство како темел на владеењето на правото и како клучен фактор за напредокот на земјата кон членство во Европската Унија. Тој ја истакна континуираната поддршка на Франција за исполнување на реформската агенда, особено во областите на борбата против корупцијата и еколошката правда, преку иницијативи спроведе-ни од „Expertise France" и Француската агенција за развој. Амбасадорот ја нагласи и долгогодишната соработка со Академијата за судии и јавни обвинители која има капацитет да профилира професионален и непристрасен судиски кадар.

Осврнувајќи се на поширокиот европски контекст, амбасадорот забележа дека правосудни-те системи ширум континентот, вклучително и во Северна Македонија, се соочуваат со сè поголеми притисоци и критики. Во тој контекст, ја истакна потребата од постојана посветеност кон поголема транспарентност и институционална одговорност за со цел да се заштити интегритетот на судските процеси.



## Кристоф
## ЛЕ РИГОЛЕР

амбасадор на Франција во Република Северна Македонија;

Тој посочи неколку приоритети од клучно значење – обезбедување на судска независност, спречување на судир на интереси и враќање на јавната доверба – како централни елементи за успехот на реформите во правосудниот сектор.

Амбасадорот го поздрави напредокот на Северна Македонија во спроведувањето на дел од препораките од оценските мисии  на ЕУ од 2023 година и порача да се оди похрабро во натамошните чекори за зајакнување на интегритетот во правосудството. Тој ја нагласи важноста од соодветна финансиска и законска поддршка, заедно со инклузивен дијалог со граѓанското општество, како основни столбови за одржливи реформи. Позитивно ја оцени заложбата на Владата да издвојува 0.8% од БДП за функционирање на судовите и 0.4% за обвинителствата до крајот на годината, согласно законските одредби, гледајќи во тоа конструктивен сигнал за институционална волја.

Дополнително, амбасадорот ја истакна усогласеноста помеѓу националните реформски цели и Планот за раст на ЕУ кој предвидува 20% од средствата да бидат наменети за реформи поврзани со владеењето на правото и основните права. Ваквата усогласеност, според него, ја зајакнува и веродостојноста и одржливоста на европскиот пат на земјата.

Амбасадорот Ле Риголер посебно ја нагласи важноста на јавната вклученост во реформскиот процес, истакнувајќи дека вистинска реформа на судството не е можна без активно учество на граѓанските организации и граѓаните. Нивната улога во следење, застапување и предлагање подобрувања на политиките е клучна за обезбедување транспарентност и легитимитет. Тој ги охрабри учесниците да ја искористат работилницата како простор за суштински дијалог, размена на искуства и соработка со домашни и меѓународни експерти.

Во заклучок, амбасадорот ја повтори поддршката на Франција за реформските напори на земјата изразувајќи доверба во капацитетот на земјата да продолжи напред. Тој подвлече дека европската интеграција не е само политичка цел, туку и трансформативен процес што бара колективна посветеност, институционална сила и граѓанска одговорност. Неговата порака беше јасна: доколку има предизвици тие полесно се совладуваат преку заедничка заложба и континуирана соработка.

## Хелена ПАПА

**Експерт за транспарентност, финансиски криминал и перење пари, Експертиза Франција – Француска меѓународна техничка кооперативна агенција;**



Хелена Папа, висок експерт од „Експертиз Франс", нагласи дека судската независност не претставува само технички услов за пристапување кон Европската Унија, туку е темел на демократијата и владеењето на правото. Во своето обраќање, таа предупреди дека последните измени на Кривичниот законик – особено членовите 353 и 394 – предизвикале критики од страна на ЕУ поради ослабување на заштитните механизми против корупцијата, што покажува колку е кревок напредокот на реформите без доследна политичка и институционална посветеност.

Таа посочи неколку системски пречки за судската независност во Северна Македонија, вклучително и политичко влијание врз работата на Судскиот совет, особено преку учеството на министерот за правда, што отвора сериозни сомнежи за судир на интереси. Папа истакна и дека досега се ефективно спроведени само 15 од 19 препораки на ГРЕКО, а застарената инфраструктура и ниските плати во судството и натаму ја прават оваа област подложна на ризици од корупција.

Папа подвлече дека за успех во реформите е неопходна силна домашна сопственост на процесот, како и континуирана меѓународна поддршка. Таа ги истакна придонесите на Франција и ЕУ преку финансиска помош и техничка експертиза, вклучувајќи ги и иницијативите во рамки на Планот за раст на ЕУ. Сепак, јасно стави до знаење дека надворешната поддршка мора да биде придружена со внатрешна политичка волја и одговорност. Таа потенцираше и дека граѓанското општество има клучна улога во следење на напредокот и во барањето одговорност од институциите.

Во заклучокот, Хелена Папа повика реформите да не се гледаат како надворешен услов, туку како патоказ кон доверливо и независно судство усогласено со стандардите на ЕУ. Препораките на ГРЕКО, според неа, се алатки за градење интегритет, а не бирократска задача. „Патот кон судски интегритет е тежок“, рече таа, „но тоа е единствениот пат кон иднина во која правдата е навистина непристрасна, а владеењето на правото е гарантирано.“



**Александар КАМБОВСКИ**

**претседател на Судски совет на Република Македонија**

Во своето обраќање, Александар Камбовски, претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, ја нагласи суштинската поврзаност помеѓу судската независност, личниот интегритет и јавната доверба. Тој посочи дека правните реформи сами по себе не се доволни – неопходна е и културна промена во начинот на кој се перципира и функционира судството. „Не можеме да ја наметнеме соработката,“ изјави тој, дополнувајќи „интегритетот мора да доаѓа од самата личност.“

Камбовски укажа на неефикасноста на постојните дисциплински постапки, истакнувајќи дека доцнењата во решавањето на случаи на неправилности ја поткопуваат довербата и ефикасноста на судскиот систем. Тој го призна напредокот во транспарентноста на судовите, вклучително и зголемениот јавен пристап до судските рочишта, но посочи дека отвореноста на обвинителството сè уште претставува предизвик кој бара посебно внимание.

Осврнувајќи се на напорите на Судскиот совет за уредување на своите внатрешни практики, Камбовски ја истакна важноста од ажурирање на дисциплинските механизми и процедурите за евалуација на судиите. Според него, институционалната одговорност и соодветно учење и спроведување на европските стандарди се клучни за да се дојде до повисоко ниво на интегритет во правосудството.

Во заклучок, тој подвлече дека судските реформи мора да бидат сеопфатни, навремени и засновани на транспарентност и правичност. Јавната доверба во правосудниот систем може да се обнови само преку брзи и веродостојни постапки. Неговата порака беше јасна: промената бара институционална посветеност и општествена вклученост во заштитата на судскиот интегритет.



## Ирина ТРАЈКОСКА СТРЕЗОСКИ

**директор на Академијата за судии и јавни обвинители, Скопје**

Трајковска-Стрезоски предложи усогласување на академскиот календар со циклусот на пополнување на судските и обвинителските позиции, со започнување на обуките во септември или октомври – веднаш по годишната објава на слободни места. Според неа, оваа реформа ќе овозможи подобро прилагодување кон реалните потреби на правосудниот систем.

Дополнително, таа ја отвори темата за примената на тестовите за интегритет и психолошките тестови како елиминациски критериуми при прием во Академијата, посочувајќи дека ваквите практики се ретки во земјите-членки на ЕУ. Наместо тоа, таа предложи етичките вредности и професионалниот интегритет да бидат вградени во наставната програма, овозможувајќи кандидатите да ги развиваат преку практична работа, менторство и континуирано образование.

Во своето излагање, таа стави акцент на прашањето на јавната доверба во процесот на избор на судии и обвинители. Според неа, транспарентноста може да се унапреди преку механизми како што е објавување на постоечки роднински врски со актуелни судии или обвинители – пракса која веќе се применува во одредени земји-членки на ЕУ, како Холандија. Ваквите мерки, истакна таа, би придонеле за намалување на перцепцијата за непотизам и зголемување на довербата во системот.

Предлозите на Трајкоска Стрезоски се ориентирани кон реформи засновани на рамнотежа – зачувување на високите професионални стандарди, паралелно со елиминирање на непотребните пречки за влез во професијата. Во заклучокот, таа нагласи дека потребно е фокусот да се префрли од строги и нефлексибилни селекциски механизми кон создавање култура на континуиран професионален развој и институционален интегритет.

## Жан-Пјер НЕВЕ

**професор, Универзитетот во По, Франција**



Професор Жан-Пјер Неве од Универзитетот во По, понуди поинаква перспектива за појавата на корупцијата, разгледувајќи ја низ призма на организациското однесување и човечката психологија. Неговата анализа отиде подалеку од индивидуалната одговорност, фокусирајќи се на системските и културните фактори кои ја поттикнуваат корупцијата, особено во јавните институции.

Преку илустративна анегдота, Неве покажа како поединци можат да рационализираат нечесно однесување, а сепак да задржат позитивна слика за себе. Овој парадокс, според него, укажува дека корупцијата не секогаш произлегува од личен неморал, туку често е резултат на нефункционални организациски средини.

Врз основа на емпириско истражување со 600 вработени од јавниот и приватниот сектор, Неве истакна дека перцепцијата на процесна неправда – односно начинот на кој се применуваат правилата – има значајно влијание врз подготвеноста да се оправда или прифати коруптивно однесување. Вработените кои чувствуваат дека процедурите не се фер и конзистентно применети се до пет пати посклони кон оправдување или учество во корупција. Забележително е дека истражувањето не открило врска меѓу корупцијата и чувството на лична контрола, што дополнително го потврдува влијанието на организациските структури.

Неве беше критичен кон традиционалните антикорупциски пристапи кои се темелат исклучиво на контрола, правила и казни. Наместо тоа, тој се залагаше за пристапи ориентирани кон човекот, кои ги земаат предвид мотивацијата, благосостојбата и чувството за правичност кај вработените. Според него, корупцијата често претставува одбранбен механизам што се активира кога луѓето чувствуваат закана врз својот статус, ресурси или професионален идентитет.

Во завршните размислувања, професорот Неве го постави прашањето дали концептот на „владеење на правото" сам по себе е доволен за спречување на корупцијата, сугерирајќи дека правните рамки мора да бидат придружени со системи кои се усогласени со вредностите што поединците навистина ги почитуваат во своето работно окружување. Тој ја нагласи важноста на локалниот контекст и културната чувствителност, посочувајќи дека решенијата треба да ги балансираат универзалните принципи на правда со конкретните организациски и општествени реалности.

Професор Абдула Азизи од Универзитетот на Југоисточна Европа одржа сеопфатно и продлабочено излагање за комплексните предизвици поврзани со судскиот интегритет и реформите во Северна Македонија. Неговата презентација ги обедини етичките, институционалните и практичните димензии, потенцирајќи дека вистински независно судство претставува суштински предуслов за напредокот на земјата во процесот на европска интеграција.

**Абдула АЗИЗИ**

**професор, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово**



Професорот Азизи истакна дека судскиот интегритет не може да се разгледува изолирано од поширокиот амбиент на функционирањето на сите форми на власт. Тој се заложи за холистички пристап кон реформите, нагласувајќи дека вистинска трансформација на судскиот систем мо-ра да се одвива паралелно со реформи во из-вршната и законодавната власт. Интегритетот, според него, претставува и лична етичка обврска на судиите, но и институционален механизам кој гарантира транспарентност, отчетност и независност.

Анализирајќи ги тековните слабости, Азизи укажа на постојаната перцепција на јавноста за политичко влијание врз судството, како и на недоволното финансирање – со обезбедени само една третина од потребните средства. Дополнително, тој беше критичен кон постоечките практики за избор и унапредување на судии, посочувајќи го недостатокот на транспарентност како фактор што сериозно ја поткопува довербата во институциите. Тој предупреди и на растечките форми на политички притисок врз судиите, како и на несоодветната и често непрофесионална јавна критика на судските одлуки преку социјалните мрежи, што дополнително го нарушува угледот на правосудниот систем.

Осврнувајќи се на меѓународните стандарди, професорот Азизи ги посочи Основните принципи на Обединетите нации за независност на судството и Глобалната мрежа за судски интегритет како клучни референтни документи. Но, тој нагласи дека нивното усвојување не е доволно без вистинска политичка волја за нивна целосна и доследна примена. Притоа повика на конкретни мерки: избор на судии врз основа на заслуги, зголемено финансирање на судскиот систем, унапредување на обуката за судии и обвинители и поактивна комуникација меѓу правосудните институции и јавноста.

Во заклучок, Азизи нагласи дека судската реформа претставува и технички и културен предизвик. Тој го призна напредокот на Северна Македонија како земја-кандидат за ЕУ, но подвлече дека долгорочниот успех зависи од развивање на вистинска „култура на законитост“ – општествена вредност што ја поддржува судската независност и го зајакнува владеењето на правото.




**Илир Исени**

**заменик директор на Академијата за судии и обвинители, Република Северна Македонија**

Судијата Илир Исени, заменик-директор на Академијата за судии и јавни обвинители, даде критичка оценка на системот за судска обука во Северна Македонија, темелејќи се на своето 18-годишно професионално искуство и споредбени согледувања од европските модели. Тој ја нагласи потребата од реформа на сегашниот унифициран пристап во обуката, кој не ги зема предвид различните професионални позадини на кандидатите – од правници до судски службеници – што ја ограничува неговата ефективност.

Еден од централните проблеми што ги посочи беше релативно високата просечна возраст на новите кандидати за судии, која изнесува околу 37 години, со поединци што започнуваат судиска кариера и во 50-тите години од животот. Исени го постави прашањето за ефикасноста и одржливоста на вложувањето во обука на лица кои, реално, можат да служат само уште една деценија пред пензионирање – особено во споредба со европските системи кои даваат приоритет на раниот почеток на кариерата и подолг период на службување.

За надминување на овие предизвици, Исени препорача елементи од холандскиот модел, кој нуди флексибилни, индивидуализирани програми за обука што траат од 15 месеци до четири години и веднаш вклучуваат практична работа во судовите. Тој се повика и на албанскиот систем на проверка (vetting), кој го оцени како ветувачки модел за унапредување на процесот на селекција и проценка на кандидатите пред нивното именување.

Јавната обвинителка Емилија Мизо-Димков се осврна на клучните предизвици со кои се соочува обвинителската служба, ставајќи акцент на прашањата поврзани со интегритетот и потребата од реформа во практичната обука. Црпејќи од сопственото искуство како активен обвинител и дипломиран учесник на 7-та генерација на Академијата за судии и јавни обвинители, таа нагласи дека обвинителскиот интегритет не се сведува само на исполнување на законските обврски, туку подразбира и постојано придржување кон етички норми, во согласност со Кодексот на етика за јавните обвинители.

Мизо-Димков ја посочи чувствителната рамнотежа помеѓу хиерархиската структура на обвинителствата и потребата од зачувување на индивидуалната независност при донесување на обвинителски одлуки. Таа потенцираше дека одржувањето на оваа рамнотежа е суштинско за обезбедување на одговорност и професионална автономија во рамките на системот.

Во своето излагање, таа го истакна значењето од ревидирање на постојниот модел на обука, со фокус на вклучување на поголем обем на практична работа уште од почетните фази на програмата. Таа укажа дека е неопходно создавање на систем кој ќе ги поттикнува етичките вредности, транспарентноста и довербата во институциите.



**Емилија**
**МИЗО - ДИМКОВ**

**јавен обвинител, Основно јавно обвинителство, Скопје**

Изразувајќи загриженост за ограничената ефикасност на постојните тела за етички надзор, Мизо-Димков се заложи за зголемување на нивната транспарентност и предложи воведување на специјализирана обука за членовите на етичките совети, со цел да се зајакне нивниот кредибилитет и ефект.

Дополнително, таа се осврна на предизвиците поврзани со човечките ресурси, посочувајќи на опаѓачкиот интерес кај младите правници за кариера во правосудниот систем. Како можни решенија предложи поедноставување на процесите за регрутација и обука, при што треба да се внимава на усогласеност со стандардите на ЕУ за еднаквост и селекција заснована на заслуги.

Како позитивен пример, Мизо-Димков го истакна хрватскиот модел, кој успешно ја поврзува академската обука со практичното искуство, нагласувајќи дека ваквиот пристап може да послужи како инспирација за идни реформи и во Северна Македонија.

Завршната дискусија на 16-та сесија на Работната група 3, водена од професорката Александра Дејаноска-Трендафилова, даде неколку важни сознанија за судските реформи во Северна Македонија. Панелистите се вклучија во силна размена на идеи, фокусирајќи се на практични мерки за зајакнување на правосудниот систем додека се справуваат со системските предизвици.

Механизмите за самоевалуација на судството беа клучна тема на која се дискутираше. Професорката Марина Митровска ја нагласи потребата од јасно дефинирани индикатори и стандардизирани методологии за да се обезбедат значајни процеси на самооценување. Таа предупреди на премногу амбициозни временски рокови, препорачувајќи двогодишни, а не годишни евалуации за да се овозможи соодветна имплементација. Во дискусијата се истакна дека без конкретни акциони планови за справување со идентификуваните слабости, самоевалуацијата ризикува да стане само перформативна наместо трансформативна.

Дебатата за реформите во судското образование продолжи, при што учесниците го дискутираа хр-ватскиот модел каде 50 отсто од кандидатите за академија доаѓаат од професионални соработници. Додека некои го поддржаа овој пристап за искористување на практичното искуство, други изразија загриженост за одржување на стандардите за еднаквост што се бараат во процесите на пристапување во ЕУ. Беше нагласена потребата од сеопфатна анализа за тоа како различните методи на регрутирање влијаат врз институционалните перформанси, особено во однос на нивоата на задоволство со новиот судски кадар.



**Александра ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА**

**координатор на Работната група 3, НКЕУ-МК, професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје**

Проф. Жан-Пјер Неве во неговата интервенција ги истакна психолошките димензии на корупцијата, истакнувајќи дека дури и добронамерните професионалци може да се вклучат во недолично однесување кога се чувствуваат загрозени или потценети. Овој пристап ја потенцираше потребата од политики за развој на човечки ресурси кои поттикнуваат позитивна ангажираност, наместо само идентификување и санкционирање на неуспесите.

Дискусијата, исто така, се осврна на структурните предизвици, вклучително и загриженоста за политичкото влијание при назначувањето на судиите и потребата од јасни критериуми засновани на заслуги за лидерски позиции во правосудните институции. Учесниците го потенцираа парадоксот да се има строги системи за оценување додека понекогаш се назначуваат лидери кои не ги исполнуваат основните квалификации.

На самиот крај од сесијата, професорката Дејаноска Трендафилова се осврна на културните димензии на судските реформи, повикувајќи се на компаративни перспективи од различни правни традиции. Сесијата заврши со признавање дека значајните промени бараат и технички решенија и промени во професионалната култура - предизвик кој бара континуиран дијалог надвор од формалните сесии.

Договорено беше препораките од оваа панел дискусија да бидат собрани за објавување, што ќе придонесе кон тековната агенда за реформи во судството во Северна Македонија.



**НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)**

**16[та] СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 3 – ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА – ПОГЛАВЈЕ 23**

"ФРАНЦУСКИ ПРИДОНЕС ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА"

**ТЕМА:** "**Патеки до интегритет и независност на правосудството: клучен предизвик во реформите за владеење на правото и борбата против корупцијата**"

**НАЦРТ ПРЕПОРАКИ**

## I. ПРЕПОРАКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ ВО ПРАВОСУДСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. **Судскиот совет и Советот на јавни обвинители да иницираат дискусија за можноста за воведување на задолжителна годишна самоевалуација на судовите и јавните обвинителства**, согласно стандардите на Обединетите нации (член 11 од Конвенцијата на ОН против корупција), преку формирање на тело за нејзино спроведување со учество на судските и обвинителските совети, академската заедница и граѓанскиот сектор.
2. **Се предлага Министерството за правда, преку работните групи, да иницира попрецизно уредување на дисциплинските постапки** во Законот за судови, Законот за Судскиот совет, Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители, со посебен акцент на случаи на пристрасност и повреди на етички норми. Дополнително, се препорачува одлуките за изречени дисциплински мерки против судии и јавни обвинители да бидат редовно и навремено објавувани од страна на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители.
3. **Се препорачува зајакнување на размената на добри практики во правосудството преку унапредување на континуираната обука на судиите и јавните обвинители, користејќи различни форми:**
   а) Зголемување на бројот на обуки во рамки на годишната програма на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), со фокус на судска етика, борба против корупцијата и примена на нови технологии;
   б) Повремено вклучување на странски експерти со цел запознавање со европски и меѓународни практики за унапредување на судскиот интегритет и нивна примена во домашниот контекст;
   в) Организирање на дополнителна размена на искуства преку конференции и работилници со учество на судии и јавни обвинители од земјите на Европската унија и Западен Балкан, со акцент на судскиот интегритет и транспарентноста на правосудниот систем.

4. Се препорачува Министерството за правда да овозможи објавување на сите судски одлуки, вклучително и првостепените, во анонимизиран формат на единствена и лесно достапна онлајн платформа преку веб-страниците на судовите. Ова ќе придонесе за зголемена транспарентност, отчетност и пристап до правосудни информации за граѓаните, медиумите и истражувачите. Преку автоматска анонимизација ќе се обезбеди заштита на приватноста и усогласеност со стандардите за заштита на податоци. Министерството да разгледа можност за финансиска и/или техничка поддршка, вклучително и преку странски донатори, за реализација на оваа иницијатива.
5. **Потребно е да се ограничи усвојувањето на нови закони без претходна темелна анализа на нивната практична примена**, со цел да се избегне регулаторна несигурност, правна

нестабилност и конфузија во судската пракса. Често пати, законите се носат без доволни консултации со засегнатите страни, без јасна проценка на нивното влијание и без предвидени услови за нивна имплементација. Ова води до неусогласена судска практика и ја намалува правната предвидливост. Се препорачува воведување механизам за проценка на влијанието на законите (ex-ante evaluation), особено во правосудството, како и задолжителни јавни консултации и пилот-имплементации пред нивно стапување во сила.

6. **Се препорачува зајакнување на транспарентноста и проактивната улога** на Лицето за интегритет и Етичкиот совет, кои се предвидени како тела со јасно дефинирани надлежности во Етичкиот кодекс на јавните обвинители. Тие треба редовно јавно да информираат и искажуваат мислења, што ќе придонесе за поголема примена на етичките стандарди од страна на обвинителите. Дополнително, овие тела треба поактивно да учествуваат во превенцијата и унапредувањето на интегритетот преку едукација, препораки и иницирање на соодветни мерки.

## II. ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Од влегувањето во сила на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители досега се воочени слабости и проблематични одредби што го отежнуваат нејзиното ефикасно функционирање. Затоа, потребни се измени и дополнувања во Глава IV – Обука на кандидати за судии и јавни обвинители, со акцент на процесот на прием и почетната обука.

1. По донесувањето на одлуките за бројот на слободни места и потребите по апелациони подрачја, Управниот одбор на Академијата треба навремено и систематски да го организира приемниот процес – да го утврди датумот на испитот, бројот на слушатели и да обезбеди редовен почеток на обуката на 1 септември. Ваквото планирање овозможува континуирано кадровско зајакнување на судството и обвинителството.

2. Потребна е ревизија на критериумите за прием во Академијата, со укинување на условот за најмалку две години работен стаж по положен правосуден испит и отстранување на обврската за познавање странски јазик (нивото Б1) при приемниот испит, бидејќи јазикот може да се учи за време на обуката и да се полага на завршниот испит. Дополнително, може да се разгледа воведување на возрасен лимит за пријавување.

3. Потребно е да се ревидира приемниот испит со отстранување на тестовите за ЕУ јазици, психолошкиот тест и тестот за интегритет. Последните два да се преместат во фазата на избор на судии и обвинители, под надлежност на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, за поефикасна селекција во завршната фаза.

4. За поквалитетна подготвителна настава според член 34 од ЗАСЈО, се предлага таа да трае најмалку 5 работни денови и да започне најмалку 45 денови пред приемниот испит. Ова ќе овозможи подобра подготовка, пристап до материјали и поголем успех кај кандидатите.

5. Потребно е унапредување на структурата на приемниот испит преку негово организирање во два дела – квалификационен и практичен испит. Практичниот дел да вклучува изработка на пресуда или обвинение по предмети ad acta и структурирано интервју, за објективна проценка на аналитичките, правните и практичните вештини на кандидатите.

6. Почетната обука треба да биде персонализирана и флексибилна, прилагодена на знаењето и искуството на секој кандидат. Наместо единствена програма, за секој слушател да се изготви индивидуален план, со времетраење од 15 до 30 месеци. Обуката да се спроведува во две фази: прелиминарна (3 месеци) со самоевалуација и изработка на личен план за учење, и главна фаза (12–27 месеци) со теоретска и практична обука. Овој модел овозможува поефикасна подготовка, особено за стручни соработници од судовите и обвинителствата, за кои обуките треба да бидат посебно приспособени.

Воедно, генерално се препорачува скратување на времетраењето на теоретската настава за сметка на практичната настава на слушателите на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

7. Генерално се препорачува скратување на времетраењето на теоретската настава во корист на зголемување на практичната обука за слушателите на почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители, со цел подобра подготовка за реалните предизвици во правосудството.

8. По положување на завршниот испит, прелиминарните ранг-листи да се доставaт до Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, кои ќе спроведат проверка на имотната состојба и процена на личноста на кандидатите. Само оние што ќе го поминат овој филтер да бидат вклучени во конечната ранг-листа, со цел изборот на судии и обвинители да се базира на интегритет, транспарентност и високи етички стандарди.